**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
бул.„Гоце Делчев“ бр.18,1000 Скопје тел. 55 11 798, факс. +55 14 474
www.mrt.com.mk

# З А П И С Н И К
## Од Петнаесетата седница на Програмскиот совет на МРТ одржана на 27.10.2025 година, во 11:00 часот, сала за состаноци во МРТ

Присутни членови на петнаесетата седница на Програмски совет на МРТ: *Давор Пашоски, Баким Лачи, Ивана Ефремовски, Томислав Кежаровски, Бурим Рамадани, Патриот Лумани, Билјана Бабиќ, Лазо Трпков, Миле Гроздановски, Музбајдин Ќамиљи, Маја Седрак, Владимир Палашевски и Марјан Велевски.*

Други присутни на седницата: *Марјан Цветковски Директор на МРТ, Горан Атанасов Директор на Заеднички функции и администрација, Драган Николовски Одговорен уредник на МТВ1, Мерита Гаши Одговорен уредник на МТВ2, Бранко Чупески, Новинар во Спортска програма на МТВ, Еран Хасипи Одговорен уредник на МТВ4, Дијана Гогова Атанасова Одговорен уредник на МТВ5, Мерита Дулатаху, Одговорен уредник на Сателитски сервис на МТВ2, Наташа Андреска Одговорен уредник на МРА1, Зоран Мирчевски Одговорен уредник на МРА2, Себахат Нухиу Одроворен уредник на МРА3, Јошко Бошковски Одговорен уредник на Сателитски сервис на МРА-Радио Македонија и Виолета Димевска Раководител на одделението за планирање и реализација на буџети.*

Петнаесетата седница на Програмскиот совет започна во 11:08 часот со утврдување присуство на сите членови, односно обезбеден кворум за работа од страна на Претседателот на Програмскиот совет Давор Пашоски.

Претседателот на програмскиот совет, Давор Пашоски го прочита Дневниот ред за Петнаесетата седница, како што следува подолу:

**<u>Дневен ред:</u>**

1. **Разгледување и усвојување на Записникот од 14-та Седница на Програмскиот совет на МРТ**
2. **Разгледување и усвојување на Годишната програма за работа на ЈРП Македонска радио телевизија за 2026 година:**
   **- програма за работа на 2026 година,**
   **- финансиски план за 2026 година**

Претседателот го стави Дневниот ред на гласање:

- **За гласаа 12 (дванаесет) членови на Програмскиот совет на МРТ,**
- **Против гласаше Томислав Кежаровски**

**Точка 1. Разгледување и усвојување на Записникот од 14-та Седница на Програмскиот совет на МРТ**

Претседателот на Програмскиот совет на МРТ го прочита текстот на Предлог-записникот од Четиринаесетата седница на Програмскиот совет. Текстот на предлог записникот беше ставен на гласање:

- **За гласаа 13 (тринаесет) членови на Програмскиот совет на МРТ**

**Точка 2. Разгледување и усвојување на Годишната програма за работа на ЈРП Македонска радио телевизија за 2026 година:**
**- програма за работа на 2026 година,**
**- финансиски план за 2026 година**

Претседателот на Програмскиот совет на МРТ, Давор Пашоски ја отвори Петнаесетата седница на Програмскиот совет на МРТ посветена на разгледување и давање на заклучни забелешки за Предлог-Годишната програма за работа на Македонската радио телевизија за 2026 година – документ што ги дефинира насоките на јавниот сервис за наредниот период и кој, согласно законските обврски, треба да се достави до Собранието најдоцна до 30 октомври.

Во однос на процесот на изработка, тој потенцираше дека е важно да се истакне дека новата, дополнета верзија на програмата опфаќа 148 страници, што е значителен напредок во споредба со првичната верзија од 65 страници. Тоа потврдува дека одговорните уредници ги вградиле најголемиот дел од укажувањата на Програмскиот совет, како и на јавноста, што претставува позитивен пример на отворен и транспарентен процес на подготовка.

Тој продолжи дека сепак, за следната година би поттикнал дискусијата во насока на потребата да се започне процес на осмислување на нов, поефикасен концепт на подготовка на Годишната програма – следејќи ги искуствата на јавните сервиси членки на Европската радиодифузна унија (ЕБУ), каде форматот е поконцизен, визуелно и технички подобро обликуван, со цел поголема јасност и прегледност.

Обемноста на документот, од друга страна, се должи и на големиот број програмски сервиси на МРТ - пет телевизиски, четири радио и три сателитски - што уште еднаш ја потврдува уникатноста и разновидноста на јавниот сервис, кој емитува програма на седум јазици, рефлектирајќи го културниот и етничкиот диверзитет на нашето општество. Оваа особеност, која е реткост дури и во европски рамки, претставува вредност од особено значење за нашата земја и ја нагласува улогата на МРТ како вистински јавен медиум на сите граѓани.

Тој истакна дека е особено значајно што во воведниот дел на програмата е нагласено дека приоритет на МРТ во следниот период е преминот од јавен радиодифузен во јавен

медиумски сервис – процес кој е во целосна согласност со стратешките приоритети на Европската радиодифузна унија (ЕБУ).

Во таа насока продолжи дека МРТ ги поставува приоритетите за:

- развивање на сопствена ОТТ платформа,
- примена на VR/AR технологии за современа и интерактивна продукција,
- зголемена присутност на дигитални платформи и социјални мрежи,
- интегрирано создавање и дистрибуција на содржини преку повеќе медиумски канали (линеарни и нелинеарни).

Рече дека овој процес претставува основа за модернизација на јавниот сервис и постепено приближување кон европските стандарди на јавните медиуми и воедно истакна дека од програмски аспект е позитивно тоа што е предвидено зголемување на сопствената продукција, особено во детската, образовната и културната програма, како и развивање нови содржини насочени кон младата публика.

Констатираше дека Програмата за работа ја истакнува законската обврска на Првиот програмски сервис да обезбеди:

- најмалку 60 % европски аудиовизуелни дела,
- најмалку 10 % од независни продуценти,
- најмалку 40 % македонски изворно произведени дела.

Особено е важно да се нагласи дека квотите за независни продуценти се однесуваат пред сè на играна и детска програма, а не исклучиво на информативни емисии.

Во делот на обработената странска програма, препорачливо е за следната година да се обезбеди откуп на поголем број нови филмови и серии, со цел да се збогати понудата со премиерни и квалитетни наслови и да се намали процентот на репризни емитувања. Притоа, потребно е да се земат предвид и укажувањата на јавноста во насока на подобрување на разновидноста и актуелноста на странската програмска понуда.

Дополнително, тој препорача дека е потребно да се воспостави појасна и поконзистентна програмска шема, која ќе обезбеди рамномерна распределба на жанровите и поголема прегледност за публиката.

Говореше дека во Програмата се вградени повеќе укажувања на членовите на Програмскиот совет и на јавноста, особено оние што се однесуваат на медиумската писменост, истражувачкото новинарство, заштитата на животната средина и општообразовната емисија посветена на македонскиот јазик, при што оцени дека вклучувањето на овие укажувања резултирало со поцелосен и поквалитетен документ кој ги рефлектира различните аспекти на јавниот интерес. Посебно го поздрави и вклучувањето на нови формати во детската и младинската програма, меѓу кои проектот „Буквождер“, како позитивен пример за современ пристап во создавање содржини за најмладата публика.

Констатираше дека во програмата се предвидуваат конкретни чекори за обновување и проширување на дописничката мрежа и препорача дека е особено важно активностите во овој дел да започнат уште во првиот квартал од 2026 година.

Во таа насока, ја истакна потребата во 2026 година да се стави дополнителен фокус на обновување на традиционалните културни настани како „Скопски фестивал“ и „Цветници“, кои имаат големо значење за музичко-уметничката сцена и за зачувување на културниот идентитет, со можност овие активности да бидат развиени во соработка со надлежните институции и партнерите од културниот сектор, со цел нивна одржливост и континуитет.

Ја истакна потребата и важноста на што поскоро назначување на одговорни уредници за следниве програмски сервиси:

- Трет програмски сервис,
- Сателитски програмски сервис на МТВ 1,
- Четврти програмски сервис на Македонското радио

како и неопходноста од подобра уредувачка координација, отчетност и зајакнување на уредувачката структура на јавниот сервис.

Предлог-програмата беше предмет на јавна расправа во траење од 30 дена, во која сите заинтересирани поединци, организации и здруженија имаа можност да достават свои коментари и предлози.

Во однос на укажувањата на јавноста, беше истакнато дека генерално преовладуваат два предлога поврзани со емитувањето на латино ТВ новели и со учеството на МРТ на Евровизија, и дека за овие предлози во повеќе наврати е дискутирано и детално разгледано. Програмскиот совет констатира дека ваков вид програма, како што се латино новелите, е веќе доволно застапен на програмите на другите телевизии, поради што на јавниот сервис треба да остане приоритет емитувањето на македонски изворно произведени дела, дела од независни продуценти и европски аудиовизуелни содржини, во согласност со законските обврски утврдени во Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Притоа беше нагласено дека со таков пристап МРТ ја исполнува својата основна мисија - создавање програма што го негува и развива домашното аудиовизуелно творештво, ги промовира европските вредности и културната разновидност.

Во однос на Евровизија, беше истакнато дека по спроведени детални анализи и разгледување на сите релевантни околности, Програмскиот совет го зема предвид целокупниот контекст со цел да донесе најсоодветно и одговорно решение. Ставот на Советот е Македонија оваа година да не учествува, со цел да се овозможи подготовка на сеопфатна стратегија за учество во 2027 година. Советот оцени дека Евровизија претставува добра можност за претставување и промоција на земјата, нејзината култура, музичка продукција и изведувачи, но за да се постигне тоа на вистински начин, потребна е јасна стратегија, детална подготовка и соодветна продукциска и финансиска поддршка. Во

меѓувреме, се препорачува МРТ да го насочи фокусот кон возобновување и унапредување на домашните музички фестивали, како „Цветници“ и „Скопски фестивал“, со цел поттикнување и промоција на домашните автори и изведувачи.

Исто така, сите членови на Програмскиот совет писмено испратија свои дополнителни сугестии, кои беа разгледани од страна на одговорните уредници и во голем дел вградени во финалната верзија на документот.

Целокупниот процес може да се оцени како транспарентен, инклузивен и успешен, со позитивен исход, кој претставува значаен чекор напред и се очекува да придонесе кон зајакнување на довербата во работата и понатамошниот развој на јавниот сервис.

Според Програмскиот совет, во својата структура и пристап Годишната програма покажува дека МРТ се движи во насока на понатамошно јакнење и унапредување на јавниот медиумски сервис, со зголемена сопствена продукција, збогатена детска и културна програма, како и со поголема регионална застапеност преку дописничката мрежа. Советот констатира дека Програмата е изработена во согласност со законските обврски утврдени во Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, оценувајќи дека иако секогаш има простор за подобрување, документот претставува солидна основа и добар правец за натамошен развој на јавниот сервис.

Понатаму следеше дискусија, во рамки на која одговорните уредници ги образложија програмските содржини на сите програмски сервиси, по што збор имаа и членовите на Програмскиот совет.

Прв зема збор Одговорниот уредник на МТВ1, Драган Николовски кој рече дека укажувањата кои ги добиле од јавноста, во голема мера се однесуваат на емитување на латино ТВ новели и на учество на Евровизија.

Во согласност со тоа, за Евровизија ставот е познат, а во врска со ТВ новелите тој рече дека, веќе 10-тина години station наназад се провлекува истото прашање, а сето тоа е иницирано од таканаречени лоби групи.

Тој истакна дека МТВ нема таков тип на програма и рече дека МТВ емитува филмови или серии од странски ТВ продукции. Воедно латинските ТВ новели се за поинаков тип на гледачи, кои не соодвествуваат со концептот на Македонската телевизија. Исто така, рече дека МТВ емитува сопствена продукција или копродукција и тоа е во согласност со Закон.

Имено, тој истакна и дека за одреден дел од содржините, во согласност со тригодишното планирање на програмата, се веќе склучени договори за програма што ќе се емитува во 2026 и 2027 година.

Важно е да се знае дека програмата било создадена од сопствена продукција или пак копродукција, останува во архивите на МРТ како сопствена програма и има историска и трајна вредност за наредните генерации.

Следна зема збор Мерита Гаши, Одговорен уредник на МТВ2 која рече дека во целост се согласува со Драган Николовски, Одговорниот уредник на МТВ1 во врска со латинските ТВ новели и дека таквата програма не соодетствува со концептот на јавниот сервис.

Таа рече дека програмската содржина на МТВ2 предвидува богата програмска шема во согласност со Закон. Таа истакна дека програмски столб на МТВ2 е информативната програма, играните серии, детската, образовната, музичката, културната програма, итн.

Покрај вестите, таа рече дека се предвидени и неколку емисии кои се тековни, а воедно дека се предвидува нов наслов 1+1, интервју со еден соговорник на теми од различни сфери.

Понатаму, ја истакна утринската програма во која се спојуваат вести, забава, други тековни информации, репортажи, приказни со гости во студиот итн. Исто така, наведе дека во делот на спортот, покрај спортски вести ќе има и спортски репортажи со угледни спортисти, доајени на спортот од Македонија, Косово и Албанија, кои ќе останат во меморија на идните генерации. Рече и дека во детската образовна програма има промени, дека ќе има нова емисија “Моето училиште”, која е домашен производ реализиран на терен. Исто и во делот на културата емисија “Гламур”, во која се прикажуваат сите културни збиднувања.

По ова се јави за збор Беким Лачи кој постави прашање, која комисија ја бира програмата што ќе се емитува?

На ова одговори Директорот на МРТ Марјан Цветковски, кој одговори дека согласно ЗААВМУ Директорот на МРТ ги носи правилата за откуп на програма, а дека за секоја избрана програма по Јавниот конкурс треба да се склучи договор. Програмската комисија е составена од 6 (шест) лица и тоа: Директорот на МТВ и одговорните уредници на МТВ1, МТВ2, МТВ3, МТВ4 и МТВ5. Откога ќе се направи избор на конкретната програма и доколку има обезбедено финансиски средства за откуп на програмата во Финансискиот план, Директорот на МРТ е должен да ја испочитува одлуката на Комисијата за избор на програмски содржини со потпишување на договорот, без оглед на тоа дали се согласува со изборот или не.

Потоа се јави за збор Музбајдин Ќамиљи кој праша дали може и Програмскиот совет да биде запознаен со тоа кој се пријавува на Јавниот конкурс и каква содржина се нуди?

Директорот на МРТ Марјан Цветковски, одговори дека може да се воведе пракса, Комисијата за избор на програмски содржини квартално да го известува Програмскиот совет кои нови програмски содржини се избрани.

Понатаму продолжи Бранко Чупески, новинар во Спортската програма на МТВ, кој рече дека програмската содржина на МТВ3 е многу обемна и дека во најголема мера е застапен домашниот спорт, како и промоцијата на домашниот спорт и поттикнување на младите спортисти за видливост во развојот на нивната кариера. Тој истакна дека во скоро време се очекува да се отвори и ново студио чие отворање се планира веќе подолго време. Исто така, тој информираше за прославата по повод роденденот на клубот Пелистер во Битола, кој бил во продукција на МТВ и претставува спектакл, со што се докажало дека Македонската телевизија не е само скопска телевизија, туку дека е телевизија на цела Македонија. Воедно го истакна ракометот како најуспешен спорт на домашна сцена кој се емитува на МТВ3, како и кошарката, одбојката, фудбалот, исто така, напомена дека со Фудбалската федерација на

Македонија тече успешна соработка, а наведе и дека најмногу од се посакува Македонија да одигра добро на натпреварите кои следуваат периодов.

Потоа зема збор Одговорниот уредник на МТВ4 Еран Хасипи, кој истакна дека на каналот на МТВ4 се емитува навистина комплексна содржина. Тој рече дека се работи за програма која се емитува на пет различни јазици и поради тоа треба да се обрне поголемо внимание при изборот на содржините кои се емитуваат. И покрај тоа што има мал број на кадар, успешно се реализира информативна програма, но доколку се обрне малку повеќе внимание на каналот на МТВ4, може многу да се подобрат работите и да се емитува многу подобра и побогата програма. Спомена дека е проблем да се направат емисии на различни јазици, како на пример - музичка емисија, поради тоа што нема доволно музички уметници кои пејат на пет различни јазици. Воедно, рече дека е невозможно да се направи емисија која би привлекла млада публика кога вработените во МТВ4 се повозрасни, па во согласност со тоа потребен е нов и млад кадар.

Тој посочи дека програмата на МТВ4 го отсликува етничкиот диверзитет во Македонија и дека МТВ4 ја прави нашата куќа пример во Европа со тоа што произведува специфична програма за 10% од населението.

Следна зема збор Дијана Гогова Атанасова, Одговорен уредник на МТВ5, која рече дека МТВ5 е највеселиот канал и кој има обврска да емитува најмалку 12 часа детска содржина. Таа истакна дека детскиот канал е најбезбедно место за децата и дека тука децата гледаат квалитетна ТВ програма, за разлика од содржините кои ги следат преку интеренет. Понатаму ја истакна медиумската писменост, која е во фокусот на овој канал и која за децата е најважната вештина, понатаму говореше за “Ѕвон” кој постои повеќе од 30 години и кој претставува едукативна емисија, наменета за случувањата во училиштето и во неа учениците ги претставуваат своите успеси.

Потоа го истакна Јуниорскиот Евросонг кој е во надлежност на МРТ, а кој претставува промоција на детскиот талент. Таа посочи дека Македонија има многу талентирани деца и дека тие имаат можност да работат со врвни професионалци од сферата на музиката, а дека со тоа се постигнува и развој на домашната детска музика. Таа рече дека ќе се емитува Детско музичко шоу во кое ќе учествуваат деца од 9 до 14 годишна возраст, кое претставува ТВ формат од забавен карактер, што значи да се биде на сцена, да се работи со професионалци и сл. Исто така, ги спомена и детските музички фестивали со кои МРТ има соработка, а воедно истите се емитуваат на Детскиот канал. Таа ја истакна емисијата “Ковчеже“, преку која младите можат да се запознаат со оригиналните формати на детските емисии и која претставува ризница на спомени и приказни.

Потоа продолжи Мерита Дулатаху Одговорен уредник на Сателитската програма МТВ2, која рече дека со овој канал се опфатени сите сегменти на функционирање. Сателитската програма се емитува 24 часа онлајн, за иселениците и е адаптирана согласно часовните зони на другите континенти. Таа истакна дека се емитуваат емисии од сопствена продукција на Сателитскиот канал МТВ2. Говореше за неколку емисии кои ќе се емитуваат во 2026 година, а се 45 минутни репортажи, 30 минутни репортажи, два видео материјала од терен, една студиска дебата за дијаспората итн. Истакна дека ќе има важни настани за иселениците.

Следна зема збор Наташа Андреевска Одговорен уредник на МРА1, која кажа дека сите програмски содржини се усогласени со Закон. Воедно нагласи дека Македонското радио е најстариот медиум кој емитува програма за сите возрасти од 7 до 77 години. На Македонското радио се емитуваат различни содржини како образовни, документарни, информативни емисии, магазини итн.

Искажа благодарност и до колегите од МТВ1, со кои рече дека имаат добра соработка за емитување преноси на некои фестивали, како на пример преносот на “Макфест”. Воедно рече дека би била благодарна и доколку се пренесуваат други светски фестивали како “Сан Ремо.” Напомена и дека се што се емитува на Македонското радио е од спостветно производство.

Потоа зема збор Зоран Мирчевски Одговорен уредник на МРА2, кој рече дека за разлика од МРА1, МРА3 е ориентирано кон позабавниот дел, ја спомена оригиналната утринска емисија “Тик Так и Зорка”, како и другите специјализирани емисии за македонска музика, емисии за култура, природа и сл. Тој рече дека би сакал да се задржи истата динамика и во 2026 година, Радио 2 да продолжи со емитување со исто темпо како и претходните години, со што би останало едно од најслушаното радио кое емитува македонска музика.

Понатаму зема збор Себахат Нухиу Одговорен уредник на МРА3, која рече дека програмата е направена согласно ЗААВМУ и дека со тоа се дефинирани насоките и приоритетите да се обезбеди контрола на емитување. Таа истакна дека МРА3 нуди програма од 17 (седумнаесет) часа, како културна, рекреативна, забавна, информативна и сл. Рече дека емитуваат 14 (четиринаесет) емисии во текот на неделата, засновани врз интересите и вкусот на слушателите. Воедно истакна дека се вршат и преноси од радијата на Косово, Албанија, Црна Гора итн, а најнов радио проект е проектот Приказни за деца со Радио Албанија.

На крај зема збор Јошко Бошковски, Одговорен уредник на Сателитски сервис на МРА-Радио Македонија, кој рече дека емитувањето се состои од три сегменти и тоа: Програма за соседните земји, Глас од татковината и Сателитска програма. Тој рече дека Радио Македонија емитува програма во траење од 10 часа и 30 минути, а останатиот дел е од архивата на радиото. Нагласи дека емитуваната програма е од областа на театарот, спортот, литературата и слично. На Радио Македонија се емитува викенд програма за иселениците во странство, како и емисии од фонотеката на радиото.

Понатаму прашање постави Билјана Бабиќ која праша дали на МТВ5 се емитуваат детските фестивали Златно Славејче и Поточиња?

Одговори Дијана Гогова Атанасова, Одговорен уредник на МТВ5 која рече дека фестивалот Поточиња се емитува, но не и фестивалот Златно Славејче.

Потоа зема збор Директорот на МРТ Марјан Цветковски кој искажа голема благодарност до сите одговорни уредници за работата што ја вршат, потенцирајќи дека одржувањето на системот да функционира на овој начин, всушност е доказ за голема професионалност и љубов од страна на одговорните уредници. Тој рече дека тие точно знаат што треба и како треба да се сработи и дека може да се размислува за нови и подобри планови и проекти. Воочи дека во догледно време треба да се реализира и Акциониот план за инвестиции на МРТ за 2026 година, како и Планот за вработување и унапредување, како и тоа дека треба да

се именуваат одговорни уредници на оние сервиси каде што недостасуваат, но и раководители на сектори и одделенија.

Следствено на горенаведеното, Претседателот на Програмскиот совет на МРТ, Давор Пашоски, изрази голема благодарност до одговорните уредници на МРТ и напомена дека, имајќи предвид дека разгледувањето на Предлог-Годишната програма за 2026 година започна на 19.09.2025 година, таа беше разгледувана во рамки на неколку седници на Советот. Од првичен документ од 65 страници, сега е изготвен значително пообемен и подетален материјал од 148 страници, што претставува резултат на сериозна и посветена работа. Притоа се заблагодари за вградувањето на забелешките и укажувањата дадени од членовите на Програмскиот совет, како и за тоа што се земени предвид и сугестиите добиени од јавноста.

Тој се осврна и на предизвиците со кои се соочуваат Програмскиот совет и Македонската радио телевизија поради тоа што институцијата сè уште нема избран Надзорен одбор. Појасни дека до Собранието се испратени два дописа со цел информирање за ова прашање и дека по завршувањето на изборниот процес ќе се пристапи кон објавување јавен конкурс за избор на нови членови на Надзорниот одбор.

Во однос на Финансискиот план за 2026 година, истакна дека планираните приходи и расходи се усогласени и поставени на стабилни финансиски основи. Посочи дека во рамки на Планот се предвидени значајни средства за техничко-технолошки развој, дигитализација и зајакнување на дописничката мрежа, што претставува важен дел од процесот на модернизација на јавниот сервис. Во таа насока нагласи дека е особено важно членовите на Програмскиот совет навремено да бидат информирани за планираните инвестиции и динамиката на нивната реализација.

Со оглед на законската рамка, потсети дека надзорот над материјално-финансиското работење на МРТ го врши Надзорниот одбор, кој дава согласност на Финансискиот план врз основа на усвоената Програма за работа. Во согласност со тоа, Програмскиот совет ќе расправа и одлучува по Финансискиот план по исполнување на законските услови, односно по изборот на нов состав на Надзорниот одбор, согласно член 129 став 1 алинеја 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Потоа зема збор Горан Атанасов Директор на заеднички функции и администрација, кој ја претстави пред Програмскиот совет Виолета Димеска, Раководител на Одделението за планирање и реализација на буџети и појасни дека таа ги изработува финансиските планови, финансиските извештаи и квартали и сите материјали од финансискиот дел кои Програмскиот совет ги усвојува.

Виолета Димеска зема збор и рече дека Финансискиот план за 2026 година, согласно ЗААВМУ Македонската радио телевизија има обврска да го достави до 30-ти октомври. Финансискиот план се изработува согласно очекуваните извори за финансирање.

Финансискиот план, како дел од Годишната програма за работа на ЈРП МРТ за 2026 година, е изработен врз база на показателите од работењето во минатите години, движењата на тековните активности и тековните потреби како и врз база на планираните или очекувани активности во наредната година, имајќи ги предвид притоа условите и можностите за

обезбедување на потребните финансиски средства за реализација на планираните програмски содржини, инвестициони и останати набавки во рамки на тековното работење, но и за навремено сервисирање на создадените тековни и пренесени обврски.

Финансискиот план се состои од два дела планирани приходи и расходи. Основен извор на финансирање на тековното работење на МРТ е приходот за финансирање на радиодифузна дејност, кој МРТ го добива од Буџетот на РСМ, согласно ЗААВМУ.

Исто така, согласно ЗААВМУ, МРТ се финансира и со средства за постигнување на повисок степен на програмски и техничко технолошки развој.

Продолжи дека друг позначаен извор на средства е приходот по основ на продажба на рекламен простор-маркетинг.

Делот на расходи опфаќа шест групи на трошоци и тоа: трошоци за вработени, патни и транспортни трошоци, заеднички трошоци, програмски права, останати трошоци и дел за планирани средства за инвестиции.

Напомена дека вкупниот износ на планирани приходи е усогласен со вкупниот износ на планирани расходи.

На ова се надоврза Претседателот Давор Пашоски кој даде свој личен коментар по однос на Финансискиот план и тоа:

1. Во делот „Вкупно 25 – Програмски права“ - „Останати програмски права“ (24.826.000 во 2024 г., 24.500.000 во 2025 г. и 75.983.800 во 2026 г.) забележливо е значително зголемување на расходите. Потребно е да се појасни кои категории програмски права се опфатени во оваа ставка и дали се работи за нови договори, продолжување на постојни програмски права или за други видови програмски набавки.
2. Во воведниот дел на стр. 3 од Финансискиот план, каде што се наведува дека документот претставува составен дел на Годишната програма за работа на ЈРП МРТ за 2025 година, потребно е да се изврши корекција и да стои „за 2026 година“, за да се усогласи со насловот и содржината на документот.
3. На стр. 6 во делот за „Приход од Буџетот на РСМ – средства за финансирање на програмски и техничко-технолошки развој“, потребно е да се потенцира дека во образложението погрешно е наведена законска одредба. Наместо „согласно член 106 став 7 од Законот за ААВМУ“, треба да стои „согласно член 105 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги“, кој ја уредува распределбата на буџетските средства за финансирање на јавниот радиодифузен сервис.

Во врска со забелешката за ставката „Вкупно 25 – Програмски права“ и забележаното зголемување на расходите во делот „Останати програмски права“ директорот на МРТ, Марјан Цветковски, појасни дека проекциите се изработени во согласност со програмските планови, со цел да се обезбеди реализација на предвидената програмска шема и да се унапреди квалитетот и разновидноста на содржините. Притоа нагласи дека средствата се

распределени во рамки на програмските приоритети и постојните договорни обврски, со цел обезбедување континуитет и развој на програмската понуда на јавниот сервис.

Во однос на другите две забелешки, појасни дека станува збор за технички превиди кои ќе бидат соодветно коригирани во финалната верзија на документот.

Потоа зема збор Бурим Рамадани, кој рече дека до сега немало ваква ситуација да нема Надзорен одбор и дали може Собранието на РСМ да не го прими Финансискиот план за 2026 година.

Директорот на МРТ Марјан Цветковски рече дека доколку немало Програмски совет би можело тоа да се случи, но во овој случај не би требало, а тоа поради што Собранието на РСМ е основач на МРТ, а членовите на Програмскиот совет се избрани од Собранието на РСМ.

Томислав Кежаровски праша зошто во финансискиот план се ставени трошоци за Евровизија, кога Македонија нема да има претставник на Евровизија за 2026 година?

Директорот Марјан Цветковски одговори дека тоа е за откуп на лиценцата за емитување на Евровизија.

Понатаму се обрати Претседателот Давор Пашоски, кој се осврна на Предлог-Одлуката за усвојување на Годишната програма за работа на МРТ за 2026 година, која беше доставена на разгледување за одредени сугестии и мислења. Согласно тоа, Одлуката беше дополнета со образложение за моменталното немање на Надзорен одбор, кое во два наврати беше испратено и до Собранието на РСМ, со цел да се постапи во рамки на законските прописи и надлежности на Програмскиот совет и да се преземат соодветни чекори за запазување на законитоста сè до надминување на вакум-периодот поради отсуството на Надзорниот одбор.

Воедно тој достави Правно толкување, во однос на надлежноста и усогласеноста со законските одредби при донесувањето на Одлуката за усвојување на Годишната програма за работа на ЈРП МРТ за 2026 година.

Согласно член 124 став 1 алинеја 7 од ЗААВМУ, **Програмскиот совет на МРТ е надлежен да ја усвојува Годишната програма за работа на јавниот радиодифузен сервис**.

Според член 106 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги „ *(2)* ***МРТ донесува Годишната програма за работа и истата е должна да ја достави до Собранието на Република Северна Македонија најдоцна до 30 октомври во тековната година,*** *а која што се однесува за наредната година и истата особено треба да содржи:*

- ***програма за работа*** *за наредната година со планирани активности особено заисполнување на програмските обврски на МРТ согласно со овој закон и*
- ***финансиски план*** *за наредната година кој ги содржи планираните приходи и расходи на МРТ за наредната година групирани по структура и по организациона структура на МРТ,како и предвидените капитални инвестиции на МРТ за наредната година. “*.

Со член 129 став 1 алинеја 5 е утврдено дека: „(1) ***Надзорниот одбор на МРТ*** *ги има следниве надлежности:*

- ***дава согласност на предлог-финансискиот план на МРТ за наредната година врз основа на предлог-програмата за работа на МРТ за наредната година***,

Во моментот на донесување на Одлуката, од објективни причини, ЈРП МРТ нема избран Надзорен одбор. Изборот на Надзорен одбор од страна на Програмскиот совет е законски попречен, согласност со член 8-а став 1 од Изборниот законик, кој ограничува спроведување постапки за именувања во тек на изборен процес.

Програмскиот совет го информираше Собранието со Барањата заведени под архивски броеви 02-4778/1 од 28.07.2025 година и 02-4778/2 од 08.10.2025 година, дека Годишната програма ќе биде доставена без согласност од Надзорниот одбор по однос на финансискиот план. Собранието на Република Северна Македонија, со одговор заведен под архивски број 09-4312/3 од 14.10.2025 година, наведе дека материјалот е доставен до пратениците и до матичната комисија, а Собранието нема надлежност да дава мислење во ваков случај.

Врз основа на цитираните одредби од ЗААВМУ, особено ***законската обврска на МРТ да донесе и достави до Собранието на Република Северна Македонија Годишна програма за работа за 2026 година најдоцна до 30-ти Октомври 2025 година***, а имајќи ја предвид *реалната неможност за добивање на согласност за финансискиот дел од Годишната програма од Надзорниот Одбор на МРТ*, со цел да се запазат законските обврски, а почитувајќи ги своите надлежности и ограничувања, **Програмскот совет МРТ на својата 15-та седница одржана на ден 27.10.2025 година ќе ја усвои Годишна програма за работа на Јавното Радиодифузно Претпријатие Македонска радио телевизија за 2026 во делот на Програмата за работата на ЈРП МРТ за 2026 година**.

Во однос на **финансискиот дел, Програмскиот совет ќе расправа и одлучува дополнително, откако ќе биде избран Надзорен Одбор на МРТ и откако истиот ќе го одобри предлог-финансискиот план на МРТ за 2026 година даден со Предлог-Годишната програма за работа на Јавното Радиодифузно Претпријатие Македонска радио телевизија за 2026**.

По ова зема збор Маја Седрак, која даде предлог ова правно толкување да биде составен дел од Одлуката за усвојување на Годишната програма за работа на МРТ за 2026 година.

Претседателот на Програмскиот совет, Давор Пашоски, појасни дека правното толкување ќе биде составен дел на самата Одлука за усвојување на Годишната програма за работа на МРТ за 2026 година. Тој истакна дека на овој начин ќе се обезбеди целосна правна усогласеност и транспарентност во постапката.

Потоа Претседателот на Програмскиот совет на МРТ ја стави на гласање Одлуката за увојување на Годишната програма на МРТ за 2026 година со измените

- **За гласаа 12 (дванаесет) членови на Програмскиот совет на МРТ,**
- **Против гласаше Томислав Кежаровски**

Претседателот на Програмскиот совет на МРТ ја стави на гласање Годишната програма за работа на ЈРП МРТ за 2026 година

- **За гласаа 12 (дванаесет) членови на Програмскиот совет на МРТ,**
- **Против гласаше Томислав Кежаровски**

Со оваа Одлука се врши усвојување на Програмата за работа од Годишната програма за работа на ЈРП МРТ за 2026 година, во рамки на законските надлежности на Програмскиот совет, додека финансискиот план е проследен до Собранието на Република Северна Македонија без одлучување од страна на Советот, што е јасно наведено во текстот на самата Одлука.

Со ваквото постапување се обезбедува континуитет во институционалното работење и непречено функционирање на Јавниот радиодифузен сервис, без повреда на законските прописи и без навлегување во надлежностите на други тела.

На крајот, Претседателот Давор Пашоски истакна дека Одлуката на Програмскиот совет е донесена во целосна усогласеност со законските одредби и со Статутот на Македонската радио телевизија.

Претседателот на Програмскиот совет се заблагодари за продуктивната средба и ја закажа следната седница на 06.11.2025 година во 11:00 часот.

Претседателот на Програмскиот совет, Давор Пашоски ја затвори Петнаесетата седница на Програмски совет на МРТ во 13:34 часот.

Записникот го водеше:
Емилија Камчева Стојановска

Претседател на Програмски Совет на МРТ

02-6187/4
27.10.2025г.

________________________

Давор Пашоски